( Образец ПП......)

**До: Општина Демир Хисар**
**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:** [redacted]
**Адреса:** [redacted]
**Тел:** [redacted]
**Меил:** [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:____________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**1. Дали вашата општина има овластен градежен инспектор?**
**2. Ако одговорот е потврден, со колку вакви инспектори располагате?**
**3. Доколку имате инспектори, дали и на кои општини привремено сте им отстапиле инспектор?**
**4. Доколку немате овластен градежен инспектор, дали сте „позајмувале“ од други општини?**
**5. Ако одговорот е потврден, од кои општини сте „позајмиле“?**
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- **д) друго – одговор на прашања преку е-маил**

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 07.05.2024 година** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Датум:** 13.05.2024

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-487/1, 10.05.2024 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Бр. 18-487/2
13.05 2024 год.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted]“со адреса [redacted], поднесено на 10.05.2024 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted],по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со овластените градежни инспектори на Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со овластените градежни инспектори на Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 10.05.2024 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 10.05.2024 година под архивски број 18-487/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 13.05.2024 година, под бр. 18-487/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер

______________________________
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурс

Република Северна Македонија * ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР *

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

1. Општина Демир Хисар има овластен градежен инспектор,
2. Општина Демир Хисар има еден овластен градежен иснпектор,
3. Општина Демир Хисар нема привремено отстапено градежен инспектор на друга општина.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

---------------------------------------

Република Северна Македонија * ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР *